МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16 став (6) од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија„ бр. 110/07, 20/09,17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА И РЕШЕНИЕ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА НОВО ЃУБРЕ ВО ЛИСТАТА НА ЃУБРИЊА ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА И НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА НОВО ЃУБРЕ ВО ЛИСТАТА НА ЃУБРИЊА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во Регистарот на производители на ѓубриња и решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубриња и на барањето за донесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња во рокот утврден во член 16 став (4) од Законот за ѓубрива.

## Член 2

(1) Барањето заради недонесување на решение за упис во Регистарот на производители на ѓубриња односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубриња се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение за упис во Регистарот на производители на ѓубриња односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубриња“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

(1) Барањето заради недонесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на

ѓубрива односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубрива ", во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13057
16 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог 1

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

**БАРАЊЕ**

зарадинедонесување на решение за упис во Регистарот на производители на ѓубрива односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубрива

Од ______________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

______________________________________________________________

( седиште на правното лице/адреса на физичкото лице-подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 16 став (8) од Законот за ѓубрива министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубрива поднесено под број __________________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување
______________________________
______________________________

Барател
____________________

Прилог 2

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

зарaди недонесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња односно недонесување на решение за одбивање на барањето за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња

Од ____________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

____________________________________________

( седиште на правното лице/адреса на физичкото лице – подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 16 став (8) од Законот за ѓубриња министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за донесување на решение за евидентирање на ново ѓубре во Листата на ѓубриња поднесени под број ______________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување

______________________

______________________

Барател

______________________.